СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ГОДИНА LXIII Бр. 6	Виница 01 Јули 2026г.	ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

242

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Виница за 2026 година

1.Се објавува Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Виница за 2026 година, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-771/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016, 275/2019, 90/2020, 101/2021, 153/2023, 61/2024, 224/2024, 233/2024, 87/2025 и 51/2026“), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Виница („Сл.гласник на Општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“) и Одлуката за вршење на работите за располагање со градежо земјиште сопственост на Република Македонија за општина Виница број 51-7009/1 од 20.11.2011 година („Сл.весник на РМ бр.164/2011“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година донесе:

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ВИНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

Содржина и теми во Програмата

ВОВЕД:

Општ дел

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016 , 142 /2016 , 190/2016, 275/2019, 90/2020, 101/2021, 153/2023, 61/2024, 224/2024, 233/2024, 87/2025 и 51/2026), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација(одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на **Општина Виница**, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2026 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во содржината на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на следните населени места и локалитети:

1.Населено место Јакимово, Локалитет „Амбарица“ УПС Јакимово донесен со Одлука број 07-849 од 30.10.2013 год.

2.Населено место Виница, Локалитет „Видое Смилески“ , ДУП за Блок „15“ дел 1 и дел 4 во градот Виница 09-89 од 26.01.2017 година.

3.Населено место Виница, Локалитет „Никола Карев“ , ДУП за Блок „8“ дел 1 и дел 2 во градот Виница донесен со Одлука број 09-575 од 27.05.2025 година.

Б) Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 , 275/2019, 90/2020, 101/2021, 153/2023, 61/2024, 224/2024, 233/2024, 87/2025 и 51/2026) и чл.21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Виница (Сл. Гласник бр. 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“).

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Планирање на локалниот развој , подобрување на развојот и структурните приоритети, водење на локална економска политика и развој на локална мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство.
- **Просторен план** на Општина Виница за плански период од 1991 година.
- **Генерален урбанистички план** на Град Виница за плански период од 2012 до 2022 година.
- **Урбанистички планови:**

-Урбанистички план за село Јакимово, 07-849 од 30.10.2013 година

-ДУП за Блок „15“ дел 1 и дел 4 во градот Виница, 09-89 од 26.01.2017 година

-ДУП за Блок „8“ дел 1 и дел 2 во градот Виница, 09-575 од 27.05.2025 година

- **Програма за уредување на градежно земјиште , улици и патишта во Општина Виница за 2026 година бр.09-1249 од 29.12.2025 година.**

В) Лица вклучени во изработка на Програмата:

- Дарко Јангелов – дипломиран правник – Секретар на општина Виница
- Виолета Михајлова , дипломиран правник , Раководител на Сектор за нормативно-правни и општи работи;
- Јована Јанева, магистер инженер архитект, Раководител на Одделение за урбанизам и урбанистичко планирање
- Благица Ристова, дипломиран правник, Советник за нормативно - правни работи во Оделението за нормативно правни и општи работи.
- Благица Симеонова, магистер геодет инженер, Виш соработник во одделение за урбанизам и урбанистичко планирање

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. Цели на Програмата

▪ Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

▪ Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

▪ Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели

▪ Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)

А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

Табела со следните информации:

- Во градот **Виница**

1. А1 – Домување во станбени куќи

- Број на градежната парцела: 4.76 Блок „15“ дел 1 и дел 4
- Вкупна површина на градежната парцела: 590,76 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:7444/12
- Површина за градба: 203,55 м2
- Бруто развиена површина: 814,19 м2
- Процент на изграденост: 34,45 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,38
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2+пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 36.036,00 денари

2. А1 – Домување во станбени куќи

- Број на градежната парцела: 4.77 Блок „15“ дел 1 и дел 4
- Вкупна површина на градежната парцела: 508,26 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:7444/11
- Површина за градба: 248,72 м2
- Бруто развиена површина: 994,88 м2
- Процент на изграденост: 48,94 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,96
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2+пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 31.004,00 денари

3. А1 – Домување во станбени куќи
- Број на градежната парцела: 4.78 Блок „15“ дел 1 и дел 4
- Вкупна површина на градежната парцела: 462,15 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:7444/10
- Површина за градба: 211,88 м2
- Бруто развиена површина: 847,52 м2
- Процент на изграденост: 45,85 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,83
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2+пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 28.192,00 денари

4. А1 – Домување во станбени куќи
- Број на градежната парцела: 4.79 Блок „15“ дел 1 и дел 4
- Вкупна површина на градежната парцела: 591,14 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела:7444/9
- Површина за градба: 290,64 м2
- Бруто развиена површина: 1162 м2
- Процент на изграденост: 49,17 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,97
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2+пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 36.060,00 денари

5. А1 – Домување во станбени згради
- Број на градежната парцела: 8.1.4 Блок „8“ дел 1 и дел 2
- Вкупна површина на градежната парцела: 1238,75 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: 8075/20
- Површина за градба: 518.51 м2
- Бруто развиена површина: 3419,20 м2
- Процент на изграденост: 41,86 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 2.76
- Максимална дозволена висина: 13.30/24,90 м
- Катност: П+3/П+7
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 1.040,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 1.288.300,00 денари

- **Во село Јакимово:**

4. А1 – Домување во станбени куќи
- Број на градежната парцела: 4.92 УПС Јакимово
- Вкупна површина на градежната парцела: 324 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: 1510/1, 1295
- Површина за градба: 110 м2
- Бруто развиена површина: 330 м2
- Процент на изграденост: 33,95 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 1,018
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 19.764,00 денари

4. А1 – Домување во станбени куќи
- Број на градежната парцела: 4.93 УПС Јакимово
- Вкупна површина на градежната парцела: 383 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: 1510/1, 1295, 54/3
- Површина за градба: 115 м2
- Бруто развиена површина: 345 м2
- Процент на изграденост: 30 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 0,9
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 23.363,00 денари

4. А1 – Домување во станбени куќи
- Број на градежната парцела: 4.94 УПС Јакимово

- Вкупна површина на градежната парцела: 644 м2
- Намена на земјиштето: Слободно, Градежно неизградено земјиште
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: 1510/1, 1295, 54/2, 55
- Површина за градба: 115 м2
- Бруто развиена површина: 345 м2
- Процент на изграденост: 17,86 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето: 0,53
- Максимална дозволена висина: 10,20 м
- Катност: П+2
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен: 61,00 денари
- Вкупна почетна/утврдена цена: 39.284,00 денари

6. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

- **Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

7. Динамика на реализација на Програмата

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Со цел минимизирање на финасиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во еден турнус.

Динамиката на реализација ќе се реализира во два турнуса:
во текот на цела 2025 година.

- **Пропишување на условите за надавање**

Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на банкарската гаранција за учество во постапката за секоја парцела пооделно, интернет страница на која ќе се врши надавањето.

Услови за учество:
- поднесување на пријава во електронска форма
- доказ за обезбедена банкарска гаранција (во оригинал)
- Доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистер
- За физички лица уверение за државјанство
- Полномошно за лицето кое го застапува правното или физичкото лице

Лица надлежни за реализацијата на Програмата

- Дарко Јангелов – дипломиран правник – Секретар на општина Виница
- Виолета Михајлова , дипломиран правник , Раководител на Сектор за нормативно-правни и општи работи;
- Јована Јанева, магистер инженер архитект, Раководител на Одделение за урбанизам и урбанистичко планирање
- Благица Ристова, дипломиран правник, Советник за нормативно правни работи во Оделението за нормативно правни и општи работи.
- Гоце Алексов, дипломиран правник, Помошник Раководител на сектор за нормативно-правни и општи работи

-Благица Симеонова, магистер геодет инженер, Виш соработник во одделение за урбанизам и урбанистичко планирање

Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување (250.000,00 денари)

Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување (60.000,00 денари)

Преодни и завршни одредби

Програмата ја усвојува Советот на општина Виница.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста, по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Виница.

Број 09-771
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

243

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 8.1.3 за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2, КО Виница Општина Виница донесен со одлука бр. 09-575 на 27.05.2025 година на Совет на Општина Виница

1.Се објавува Одлуката за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 8.1.3 за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2, КО Виница Општина Виница донесен со одлука бр. 09-575 на 27.05.2025 година на Совет на Општина Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-772/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница (Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2024, 4/2019, 12/2022“), Советот на Општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 8.1.3 за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2, КО Виница Општина Виница донесен со одлука бр. 09-575 на 27.05.2025 година на Совет на Општина Виница

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за **ГП 8.1.3 за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2, КО Виница Општина Виница донесен со одлука бр. 09-575 на 27.05.2025 година на Совет на Општина Виница**, по добиеното позитивно мислење бр. 11-330/2 од 04.06.2026 г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 03-1307 од 31.12.2025 година од Градоначалникот на општина Виница.

Предмет на техничката исправка е неусогласување на текстуалниот дел и табелите во параметрите на градежната парцела - висина на венец и максимален број на катови со вкупна развиена површина по катови и коефициент на искористеност на парцелата, за градежната парцела 8.1.3, односно:

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

	нумерација на град.парцела	основна класа на намена	компатибилна класа на намена	максимален %на учество на збир на ком. нам	површина на град. парцела (м2)	површина за градба (м2)	вкупна планирана површина (м2)	висина на хоризонтален венец (м')	максимален број на катови	% процент на изграденост на парцела	коефициент на искористеност на парцела К	паркирање во	број на паркинг места
	8.1.1	А2	Б1,Б2,Б4 В3,В4,Д3	40	3273.69	880.63	2347.61	постојна висина	П+2/П	26.90	0.72	парцела	
	8.1.2	В4	Б1,Б2,Б3 Б4,В3,Д3	40	3976.54	2009.15	6027.45	10.5	П+2	50.52	1.52	парцела	
	8.1.3	А2	Б1,Б2,Б4 В3,В4,Д3	40	2321.68	629.74	4156.34	16.2/ 27.8	П+4/П+8	27.12	1.79	парцела	

Табела 1 се корегира во табела 2 односно 4156.34м2 во 4492.2 м2.

НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ

	нумерација на град.парцела	основна класа на намена	компатибилна класа на намена	максимален %на учество на збир на ком. нам	површина на град. парцела (м2)	површина за градба (м2)	вкупна планирана површина (м2)	висина на хоризонтален венец (м')	максимален број на катови	% процент на изграденост на парцела	коефициент на искористеност на парцела К	паркирање во	број на паркинг места
	8.1.1	А2	Б1,Б2,Б4 В3,В4,Д3	40	3273.69	880.63	2347.61	постојна висина	П+2/П	26.90	0.72	парцела	
	8.1.2	В4	Б1,Б2,Б3 Б4,В3,Д3	40	3976.54	2009.15	6027.45	10.5	П+2	50.52	1.52	парцела	
	8.1.3	А2	Б1,Б2,Б4 В3,В4,Д3	40	2321.68	629.74	4492.2	16.2/ 27.8	П+4/П+8	27.12	1.93	парцела	

Член 2

Техничката исправка за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2 со тех.бр. 28/21 од Ноември 2024 година, КО Виница Општина Виница ќе биде составен дел на урбанистичкиот план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби според Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25“).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Виница”.

Број 09-772
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

244

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за усвојување на План за оптимизација на основните училишта во општина Виница

1.Се објавува Одлуката за усвојување на План за оптимизација на основните училиште во општина Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-773/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За усвојување на План за оптимизација на основните училишта во општина Виница

Член 1

Се усвојува Планот за оптимизација на основните училишта во општина Виница.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Планот за оптимизација на основните училишта во општина Виница.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-773
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

245

План за оптимизација на основните училишта во општина Виница

1. ВОВЕД

Република Северна Македонија, како и многу други земји во Европа, во последните децении се соочува со реалноста на стареење и намалување на бројот на населението. Негативните демографски трендови, предизвикани од намалувањето на стапката на природен прираст и интензивната емиграција во странство, претставуваат предизвик за државата и јавните политики кои таа ги развива и спроведува. За соодветен одговор на овој предизвик, потребна е значителна посветеност и заложба од страна на сите институции.

Како одговор на оваа состојба потребна е континуирана, системска и успешна реорганизација на постојните човечки, инфраструктурни и финансиски ресурси во рамките на јавниот сектор. На ваков начин се максимизира ефикасноста на локалните услуги (образование, здравство, социјална заштита и др.) за граѓаните во услови на новата демографска слика на општеството.

Континуираниот пад на бројот на новозапишани ученици низ годините, а од друга страна зголемен број на наставници се дел од факторите кои придонесуваат за намалување на ефикасноста на трошењето во основното образование. Истовремено, имајќи предвид дека 90% од ученици учат во 340 објекти, а останатите 10% учат во 518 објекти, можеме да констатираме дека училишната мрежа е несоодветно развиена и организирана. Оттука, се јавува потреба за оптимизирање на училишната мрежа во Северна Македонија.

Училишна мрежа претставува систем од училишни објекти кои се користат за изведување на настава во основно образование во еден административен регион од државата. Оптимална училишна мрежа е училишна мрежа во која во сите училишни објекти се изведува настава согласно националните стандарди, закони и концепции.

Процесот на оптимизација на училишната мрежа има за цел да:

- Воспостави правичен систем за основно образование
- Обезбеди еднакви услови за спроведување на наставата, независно од локацијата каде се одвива училишниот процес
- Оствари целосно спроведување на Концепцијата за основно образование
- Овозможи правилно искористување на ресурсите (образовани, инфраструктурни и финансиски)

Само низ воспоставена методологија која е прифатена од сите одговорни чинители, ќе може правилно да се носат одлуките, да се следи резултатот од постигнувањето и да се унапредува образованието на ниво на целата земја.

Овој документ ја прикажува моменталната поставеност и карактеристиките на училишната мрежа и состојбата во основното образование во општина Виница. Првиот дел ја прикажува училишната мрежа со сите свои карактеристики (број на училишта, број на ученици, број на паралелки, наставен кадар и сл.). Вториот дел од овој документ дава предлози за начини на оптимизација на училишната мрежа во општината во форма на оптимизациски сценарија со конкретни активности и акциски план за приоритетни проекти за постигнување на оптимална училишна мрежа.

2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА И УЧИЛИШНАТА МРЕЖА

2.1 Локација и населени места

Општина Виница се наоѓа во Источен регион на на Северна Македонија и зафаќа територија од 432.67 km². Се граничи на запад со Зрновци, на исток со Делчево, на југ со Радовиш и Берово, на север со Македонска Каменица, на северозапад со Кочани. Согласно податоците од Попис на население 2021, на територијата на општина Виница живеат 12382 жители. Карактеристиките на општината поврзани со организација и спроведување на образовниот процес се дадени во Табела 1.

Табела 1 Основни податоци за општина Виница

Население	14475
Густина на население	34 жители на km²
Населени места	Блатец, Виница, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино, Трстија, Црн Камен
Број на централни училишта	4
Број на подрачни училишта	8
1 смена	4
2 смени	0
3 смени	0
Број на ученици	1077
Наставен јазик	Македонски


2.2 Училишна мрежа

Во општина Виница има 4 централни училишта и 8 подрачни училишта. Во табела 2 се претставени бројот на ученици во училишната мрежа на општина Виница за учебната 2026/2027. Во неа учат вкупно 1077 ученици, а наставата се одвива на Македонски наставен јазик. На Македонски наставен јазик учат 1077 ученици.

Табела 2 Училишта и број на ученици во населени места во општина Виница


Бр.	Населено место, централни и подрачни училишта	Ученици	Наставен јазик	Растојание од централното училиште
1	Виница - „Гоце Делчев“	438	Македонски	
1.1	с.Јакимово	34	Македонски	2.4 км
1.2	с.Истибања	63	Македонски	8.2 км
2	Блатец - „Коцо Рацин“	51	Македонски	
2.1	С. Лаки	4	Македонски	25 км
2.2	С. Липец	2	Македонски	2,5 км
3	Драгобраште – „Никола Парапунов“	44	Македонски	
3.1	с. Трсино	21	Македонски	6 км
3.2	с.Пеклани	15	Македонски	1.8 км
4	Виница - „Славчо Стојменски“	359	Македонски	
4.1	с.Градец	30	Македонски	3.9 км
4.2	с.Лески	16	Македонски	3.4 км
Вкупен број на ученици		1077		

Слика 1 Приказ на училишната мрежа на општина Виница



Најголемо е растојанието меѓу централното училиште „Кочо Рацин“ и подрачното во с.Лаки од 25км. Останатите подрачни училишта се оддалечени од централното од 1.8 до 6 km.

Графички приказ 1 мрежа на основни училишта и ученици во проценти



Табела 3 Број на ученици и паралелки по одделение и наставен јазик

Име на училиште и населено место		Број на ученици (уч.)/Број на паралелки (пр.) по одделение по јазик																		
		I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX		
Виница		уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	КП
Бр	Македонски наставен јазик																			
1	Виница - „Гоце Делчев“	36	2	32	2	52	3	36	3	54	3	64	3	57	3	49	3	54	3	
1.1	с.Јакимово	4	1	10	1	8	1	8	1	8	1									
1.2	с.Истибања	5	1	10	1	4	1	0	0	7	1	11	1	6	1	8	1	12	1	
2	Блатец - „Коцо Рацин“	2	1	4	1	4	1	3	1	4	1	11 1со ПП)	1	6 (2 со ПП)	1	7	1	10	1	
2.1	с. Липец									1	1	1	1*							1
2.2	с. Лаки	1	1			1	1*	1	1	1	1*									2
3	с. Драгобраште - „Никола Парапунов“			1	1					2	1*	9	1	12	1	8	1	12	1	1
3.1	с. Трсино	3	1	4	1	4	1*	3	1	7	1									1
3.2	с.Пеклани	4	1	5	1	2	1*	3	1	1	1*									2
4	Виница - „Славчо Стојменски“	33	3	31	2	41	3	43	3	31	2	57	3	34	3	45	3	39	3	
4.1	с.Градец	1	1	4	1	4	1*	6	1	4	1	5	1	3	1	5	1	3	1	1
4.2	с.Лески	2	1	6	1	3	1*	1	1	4	1*									2

Во Виница учат 1077 ученици на кои им предаваат 151 наставници. Сообносот наставник ученик е 7.13, што е под националниот просек кој изнесува 9,75 за учебната 2026/27 година. Во училишта во општина Виница има вкупно 108 паралелки, од кои 10 се комбинирани. Просечната големина на паралелките е 9.97 ученици, што е под законски пропишаниот минимум за формирање паралелка од 20 ученици.

Табела 4. Одделенски и предметни наставници по старосни групи

ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“	**18-39**	**40-50**	**51-58**	**59-64**	**64+**	**Вкупно**
Македонски наставен јазик						
Англиски јазик	2	2	1			5
Втор странски јазик	1	1				2
Историја и општество	1	1				2
Ликовно образование		1				1
Македонски јазик		2		1		3
Математика	1	3				4
Музичко образование		1	1			2
Одделенски наставник	6	15	3			24
Природни науки	1	1				2
Слободни изборни предмети						
Техничко образование и информатика	2					2
Физичко и здравствено образование	3	1	2			6
Биологија			1			1
Физика		1				1
Хемија		1				1
Граѓанско образование		1				1
Географија		1				1
ООУ „СЛАВЧО СТОЈМЕНСКИ“	**18-39**	**40-50**	**51-58**	**59-64**	**64+**	**Вкупно**
Македонски наставен јазик						
Англиски јазик	1	3	1			5
Втор странски јазик		2				2
Историја и општество	1			1		2
Ликовно образование		1				1
Македонски јазик		2		1		3
Математика	1	1	1			3
Музичко образование	2					2
Одделенски наставник	3	8	6	4		21
Природни науки	1					1
Слободни изборни предмети						
Техничко образование и информатика		1	1			2
Физичко и здравствено образование	2	3				5
Биологија	1					1
Хемија			1			1
Географија		2				2
Физика			1			1
Граганско				1		1
ООУ „НИКОЛА ПАРАПУНОВ“	**18-39**	**40-50**	**51-58**	**59-64**	**64+**	**Вкупно**
Македонски наставен јазик						

Англиски јазик	2					2
Втор странски јазик	1					1
Историја и општество	1					1
Ликовно образование		1				1
Македонски јазик		1				1
Математика	1					1
Музичко образование	1					1
Одделенски наставник	1	4	3			8
Природни науки	1					1
Слободни изборни предмети						
Техничко образование и информатика	1					1
Физичко и здравствено образование	2					2
ООУ „КОЧО РАЦИН“	**18-39**	**40-50**	**51-58**	**59-64**	**64+**	**Вкупно**
Македонски наставен јазик						
Англиски јазик	1	1				2
Втор странски јазик		1				1
Историја и општество	1					1
Ликовно образование		1				1
Македонски јазик			1			1
Математика	1					1
Музичко образование	1					1
Одделенски наставник	1	3	1	2		7
Природни науки				1		1
Слободни изборни предмети	1					1
Техничко образование и информатика	1					1
Физичко и здравствено образование		1		1		2

Во возрасната граница од 51-58 години е бројка од 24 наставници а во возрасната граница од 59-64 години е 12 наставници. Одлив на наставен кадар во следните 5 години, по основ на пензионирање ќе има и кај предметните наставници и кај одделенските наставници подеднакво.

Табела 5. Број на училници и кабинети во училиштата

Бр.	Населено место, централни и подрачни училишта	Број на универзални училници	Број на специјализирани училници (кабинети)
1	ОУ Гоце Делчев, Виница	27	3
2	ОУ Коцо Рацин, Блатец, Виница	14	0
3	ОУ Никола Парапунов, с. Драгобраште, Виница	17	0
4	ОУ Славчо Стојменски, Виница	34	3

Во училишната мрежа во општина Виница има вкупно 98 училници, од кои 6 се специјализирани училници за кабинетска настава (табела 5). Оваа распределба е соодветна на постоечката училишна мрежа и ги задоволува стандардите и нормативите.

Според бројот на ученици, согласно Нормативите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија, МОН, Биро за развој на образованието, училиштата во училишната мрежа во општина Виница се класифицирани во втор и четврт степен на развиеност.

Табела 6 Тип на училишта според степен на развој и училишна мрежа

Име на училиште	Тип на училиште
Виница - „Гоце Делчев“	Втор степен на развиеност без подрачни
Блатец - „Кочо Рацин“	Четврт степен на развиеност без подрачни
с. Драгобраште - „Никола Парапунов“	Четврт степен на развиеност со подрачни
Виница - „Славчо Стојменски“	Втор степен на развиеност без подрачни

Графички приказ 3



2.3 Оптимална училишна мрежа

Согласно стандардните вредности за **инфраструктурен капацитет** во училишните објекти (централни и подрачни училишта) според тип на училиште, за прв степен на развиеност, потребно е: 15 клупи по одделение и 30 столчиња, додека за трет степен на развиеност 10 клупи и 20 столчиња. Останатите стандардни вредности за инфраструктурен капацитет се достапни во Прилог 2 Извори на податоци за индикатори за оптимизација, како и стандардните вредности за образовна оптовареност (прв и трет степен на развиеност).

***Согласно податоците за основните училишта во Општина Виница , Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ ќе може да ги пресмета индексите во табелите подолу во Документов. Пополнетите индекси во овој Документ се од нацрт планот за оптимизација испратен од страна на Министерството за учебна 2021/2022 година кога се земени податоците како показен пример за оптимизација.**

Се применуваат два индекси за оптимизација и тоа индекс на насока и индекс на интензитет. **Индексот на насока** ја дава насоката во која треба да се движат активностите во оптимизацискиот план, односно дали ќе треба да се прошират, рационализираат или реорганизираат инфраструктурните, образовните и фискалните ресурси во училишната мрежа на општината. **Индексот на интензитет** покажува до кој степен училишната мрежа отстапува од стандардите и дали треба да се спроведе поголемо или помало проширување, рационализација или реорганизација на училишната мрежа за да се намалат отстапувањата од стандардите. Сите активности предвидени во планот треба да го доведат Индексот на интензитет да биде помал од 15, односно вредноста на индексот да биде што поблиску до 0, додека Индексот на насока да биде поблиску до вредноста 50.

Оптимизациските сценарија кои се предложени за училишната мрежа во општина Виница претставуваат различни активности кои ќе овозможат општината да се доближи до стандардните вредности, приближувајќи се до индекс на интензитет до 15 за следните пет години, притоа земајќи ги предвид можните законски и социо-економски ограничувања во училиштата.

Табела 7 Индекс на насока и индекс на интензитет за училишната мрежа на општина Виница согласно фактичката состојба

XXX	Индекс насока	Индекс интензитет
Фискална оптовареност		
Инфраструктурен капацитет		
Образовна оптовареност		

3. Ставови на засегнатите страни

Преку разговор со учениците, родителите, наставниците, директорите и претставници на општината (експерти за финансии, образование и право) ги анализиравме и сублимиравме ставовите за оптимизација на постоечката училишна мрежа. Укажано е да се води оптимизацијата во насока на овозможување на следните критериуми:

- Да се овозможи настава во паралелки со стандарден број на ученици:

Оптимизирање на бројот на ученици во една паралелка, со цел да се обезбеди зголемен квалитет на образование.

- Реорганизација на наставниот и административниот кадар за потребите на обезбедување на посакуван квалитет на образование. Да се реорганизира квалитативно и квантитативно наставниот и административниот кадар.

За да се подобри квалитетот на образованието.

- Инклузија на учениците со посебни потреби:

Треба да се идентификуваат сите ученици со посебни потреби, вклучувајќи ги и оние кои не се официјално документирани, со цел најдобро да им се помогне и да бидат вклучени во редовната настава.

- Реорганизација на училишта во руралните средини:

Руралните училиштата со помалку од 50 ученици да имаат исти услови како и поголемите училишта.

- Намалување на бројот на комбинираните паралелки:

Потребна е реорганизација за да се избегнат комбинираните паралелки

- Обезбедување на соодветен и безбеден превоз:

Треба да се обезбеди безбеден превоз до училиштата.

- Објектите на училиштата кои поради потребата на оптимизацијата ќе се затворат, да продолжат со пренаменета функција:

Постојните објекти треба да се искористат согласно потребите на населнието, како градинки, центри за ран детски развој, младински центри, пензионерски клубови итн.

3.1 Општински експерти за образование, финансии и право

Експертите од општината се свесни за неопходноста од реорганизација на подрачните училишта за подобрување на ефикасноста и квалитетот на наставата. Сметаат дека без поддршка од Министерството за Образование и Наука (МОН), не можат да ги реализираат своите планови. Експертите ги споменаа и демографските промени во последните 20 години, многу семејства се имаат иселено што доведува до намалување на бројот на ученици и жители во руралните средини. Општинските службеници сметаат дека моменталниот систем на реонизација во градовите, според кој се запишуваат учениците во одредени училишта, е застарен и не ги зема предвид овие промени. Тие се соочуваат со проблеми како запишување на најголем број на првачиња во централните градски училишта, што понатаму создава притисок врз инфраструктурата и наставниот кадар,

Велат дека располагаат со неадекватни финансиски средства од блок дотациите за покривање на различните потреби, и се соочуваат со предизвици за реновирање и загревање на училиштата, како и за обезбедување на потребната техничка опрема.

Иако постои загриженост за губење на работни места, веруваат дека намалувањето или укинувањето на комбинираните паралелки ќе создаде поквалитетен образовен процес за учениците. Уште еден предизвик е фактот дека училиштата не можат да ги прифатат сите деца со посебни потреби поради несоодветен простор, опрема и обучен кадар за нивната образовна поддршка.

За успешна реализација на овие планови, потребна е поддршка и координација од сите заинтересирани страни, вклучително и од МОН.

3.2 Директори на училишта

Директорите изразија потреба од однапред предвидени расположливи финансиски средства за тековно одржување и капитални вложувања пред почетокот на учебната година. Тие сакаат за планираните годишни активности да обезбедат услови за затоплување на училниците, особено сега кога се зголемуваат цените на гасот и нафтата. Тие го истакнаа фактот дека многу малку средства се издвојуваат за училиштата во Северна Македонија. Според директорите, само мал процент од општинските средства за образование се достапни за тековно одржување, бидејќи поголемиот дел од финансиите се искористуваат за плати на наставниците. Директорите сметаат дека голем дел од училиштата имаат сериозна потреба од реновирање за да се обезбедат безбедни и стимулативни услови за учење. Покрај тоа, училиштата се соочуваат со недостаток на образовни ресурси, вклучувајќи учебници и научна опрема, што дополнително влијае врз квалитетот на образованието.

Недостатокот на стручни наставни кадри предизвикува дополнителен предизвик и подобрување на транспортните врски. Сепак, конкретни решенија сè уште недостигаат, што покажува колку е потребно брзо и координирано делување од сите инволвирани страни за да се подобрат условите и квалитетот на образованието.

Тие ги истакнуваат оддалеченоста и проблемите со транспортот, кои дополнително го ограничуваат пристапот на учениците до образование, особено во подрачните области.

Последно, но не и помалку важно, е проблемот со образованието на учениците со посебни потреби. Училиштата кои имаат деца со посебни потреби, се соочуваат со недостиг на асистенти, психолози и педагози кои би овозможиле неопходна поддршка.

3.3 Наставници

Наставниците и во централните и во подрачните училишта се соочуваат со значајни предизвици во однос на квалитетот и ефикасноста на образованието. Една примарна грижа е големиот недостаток во основната наставна инфраструктура, вклучително и недостигот од добро опремени простории и образовни алатки. Наставниците сметаат дека наставната програма често се менува и е премногу комплицирана.

Наставниците укажуваат на потребата за подобрување на образовниот квалитет и бараат подобри образовни материјали, инклузивно образование преку зголемена поддршка на децата со посебни потреби.

Тие сметаат дека на училиштата итно им треба подобра опрема и дополнителни ресурси. Посебно кај подрачните училишта се истакнува дека се опремени со електронска опрема и паметни табли.

Наставниците со сопствени средства ги покриваат трошоците за превоз. Наставниците сметаат дека наставната програма често се менува и е премногу комплицирана.

Од страна на наставниците беа предложени одредени решенија кои вклучуваат, зајакнат родителски ангажман, отворање градинки во селата, со цел да се зајакне и рационализира предучилишното образование.

3.4 Родители

Родителите укажуваат на потребата за подобрување на образовниот квалитет и бараат подобри образовни материјали, инклузивно образование преку зголемена поддршка на децата со посебни потреби.

Приоритет исто така стават и на здравјето и безбедноста со обезбедување хигиенски услови, безбедни училишни простории и обезбедување здрави ужинки за учениците. Тие даваат несебична поддршка за заштитата на работните места на наставниците и обезбедувањето доволно ресурси кое го сметаат за суштинско при подигање на образовните стандарди.

Родителите во помалите средини како Блатец, често стават акцент на посветеноста на наставниот кадар. Нивните ставови најчесто се позитивни кога :

-наставниците покажуваат индивидуално внимание кон секое дете

-постои континуирана примена на нови современи методи за учење

-учениците постигнуваат видливи резултати на регионални и државни натпревари.

Инфраструктурата и услови за престој се честа точка каде што родителите бараат подобрувања. Нивните ставови се под влијание на :
-состојбата на објектот
-реконструкција на кров
-квалитетно затоплување во зимскиот период
-технолошка опременост
-достапност на компјутери, паметни табли и интернет.

Постои значителен јаз во комуникацијата помеѓу родителите и училиштата, што ги остава родителите неинформирани за образовниот напредок на нивните деца и училишните активности. Родителите изразуваат желба за поголем фокус на севкупниот развој на нивните деца, а не само на оценките и ја нагласуваат потребата од поефективни здруженија на родители и комуникација со образовните власти.

Тие ги нагласуваат прашањата за малтретирањето на учениците од други соученици, потребата од повеќе педагози, психолози и логопеди. Тие даваат несебична поддршка за заштитата на работните места на наставниците и обезбедувањето доволно ресурси кое го сметаат за суштинско при подигање на образовните стандарди.

3.5 Ученици

Учениците сметаат дека училиштето претставува безбедна и поттикнувачка средина за учење и развој. Тие изразуваат задоволство во односот со наставниците , кои покажуваат разбирање , поддршка и посветеност во наставниот процес. Поголемиот дел од учениците сметаат дека наставата е интересна и прилагодена на нивните потреби, работата во групи и користење на современи технологии. Учениците ја нагласуваат важноста на другарството, меѓусебна почит и соработка.Тие се чувствуваат прифатени и охрабрени да го изразат своето мислење. Во однос на условите , дел од учениците сметаат дека училиштето е добро опремено , но постои потреба од дополнително уредување на училниците и подобрувањер на спортските терени. Учениците покажуваат интерес за учество во воннаставни активности , културни настани и проекти, преку кои можат да го развиваат своите таленти и креативности.

Дел од учениците ги поздравуваат активностите на Ученичкиот парламент, како и грижата и капацитетите што им се достапни на учениците со посебни потреби.

Тие сакаат поголемо вклучување во меѓународни проекти и размени и ја нагласуваат потребата од подобра поддршка на учениците од малцинските групи. Тие, исто така, изразуваат потреба за поголема подготвеност на наставниците и ангажирање во онлајн платформите за учење.

Дел од учениците ги поздравуваат активностите на Ученичкиот парламент, како и грижата и капацитетите што им се достапни на учениците со посебни потреби. Сепак, тие изразуваат фрустрација поради ограничената комуникација и вклученост родител-наставник, како и недостатокот на внимание и разбирање и од родителите и од наставниците.

Накратко, додека учениците ценат одредени аспекти од нивното образовно искуство, како што се можностите за социјална интеграција и одредени напори на наставниците, тие јасно изразуваат желба за модернизирани, ангажирани и опремени училишта, подобрени физички услови, повнимателни и иновативни наставни методи како и зголемени можности за ангажман и воннаставни активности.

3.6 Заклучоци

Врз основа на мислењата и ставовите на засегнатите страни – учениците , наставниците и родителите може да се заклучи дека училиштето успешно обезбедува позитивна, безбедна и поддржувачка средина за воспитно образовниот процес. Учениците се чувствуваат прифатени и мотивитани за учење , наставниците покажуваат професионалност , ппосветеност и отвореност за соработка додека родителите генерално изразуваат задоволство од комуникацијата и ангажманот на училиштето. Сепак сите засегнати страни укажуваат на потребата од континуирано унапредување на наставниот процес преку воведување на повеќе интерактивни методи, подобрување на материјално техничките услови и зголемување на можностите за воннаставни активности. Со заедничка соработка , доверба и активно вклучување на сите чинители , училиштето има потенцијал за понатамошен развој и постигање уште повисок квалитет во образованието.
Сепак, различните засегнати страни покажуваат различни степени на подготвеност за воведување на промените, откривајќи колективна несигурност за најдобриот начин за спроведување на оптимизацијата.

Вклучувањето на сите засегнати страни ја поткрепува потребата од координиран и добро поддржан пристап за ефикасно решавање на идентификуваните проблеми, осигурувајќи подобрена состојба за сите вклучени страни.

4. ОПТИМИЗАЦИСКИ СЦЕНАРИЈА

Во општина Виница е разработено едно сценарио за оптимизизација на училишната мрежа. Предложеното сценарио ги зема предвид законски пропишаните вредности, нормативи и стандарди за основно образование. За да се постигне соодветен и поквалитетен образовен процес во општина Виница, потребно е реорганизирање на наставата и поефикасно искористување на ресурсите во периодот до 2026 г. Концентрацијата на човечките и финансиски ресурси во помал број објекти ќе резултира со помали фиксни трошоци и заштеда на ресурси за инвестиции со кои училиштата ќе ги достигнат потребните стандарди и ќе вложуваат повеќе во усовршување на наставниот кадар. Во табелата **Индикатори** се дадени позначајните индикатори при спроведување на оптимизациското сценарио.

Табела 9: Индикатори пред и по спроведување на оптимизациското сценарио

Индикатори	Постојна состојба	Сценарио 1
Ученици/наставник		
просечна големина на паралелка		
број на комбинирани паралелки		
број на наставен кадар		

** Овој индикатор е добиен со пресметка на бројот на наставници намалени за оние наставници кои исполнуваат услов за старосна пензија во следните 5 учебни години, а притоа да нема дополнителни вработувања*
*** Овој индикатор е добиен со пресметка на бројот на не наставен кадар намален за бројот на вработени во училиштето кои исполнуваат услов за старосна пензија во следните 5 учебни години, а притоа да нема дополнителни вработувања*

Во Општина Виница наставата во основните училишта се спроведува во една смена.

Преместувањето на учениците од подрачни училишни објекти во централните училишта, ќе предизвика намалување на вкупниот број на паралелки на ниво на општина за 5 паралелки и ќе го зголеми просекот на ученици во паралелка. Оваа бројка следната година ќе биде поголема поради фактот дека процесот на оптимизација на училишната мрежа продолжува и следните години.Од

друга страна, ќе се зголемат и трошоците за превоз на ученици на ниво на општина, како резултат на зголемениот број на ученици што ќе користат превоз.

Просечниот број на ученици по паралелка по спроведување на активностите предложени од оптимизациското сценарио ќе биде 10.46 ученици по паралелка со што сè уште не се исполнува законскиот минимум од 20 ученици по паралелка. Дополнително, спроведувањето на ова сценарио создава потреба од оптимизирање на наставничкиот кадар во одделенска и во предметна настава и во следните години последователно.

За постигнување на оптималната структура на трошоци изразена преку основниот трошок по ученик, потребно е да се дефинира фактичката состојба. Оттука, **историските вредности** за индикаторот за фискална оптовареност се пресметани како просек од соодветниот оперативен трошок по ученик за 2017, 2018 и 2019 година, сите вкаматени и сведени на вредности од 2021 година. Во табела 10 прикажани се историските трошоци на училишната мрежа во Виница:

Табела 10 Историски оперативни трошоци за тип на училишната мрежа во општина Виница

Општина	Плати	Комунални услуги	Средства за одржување	Наставни помагала	Други и договорни	Затоплување	Превоз	Ужинка
Виница	114.487	1.866	496	1.856	11.449	2.804	18.144	4.545

4.1 Предлог оптимизациско сценарио 1 : реорганизирање на училишната мрежа

Со предложеното сценарио за оптимизација на училишната мрежа во општина Виница се предлага окрупнување на бројот на ученици ро паралелка и реорганизација на паралелките во централните и подрачните училишта. Со оптимизациското сценарио училишната мрежа ќе се промени во насока на намалување на бројот на паралелки и доколку се спроведат предлозите во сценариото општината ќе го задржи бројот на централни и подрачни училишта (некои ќе бидат во мирување, како што е подрачното училиште во с. Липец). Во дел од подрачните училишта каде има помалку од 10 ученици во VI одделение, учениците да бидат преместени во најблиското централно училиште, каде би ја следеле наставата во соодветни услови за учење (ООУ „Славчо Стојменски“) а во с.Липец како подрачно училиште нема ученици во прво одделение и поради тоа се намалува и една паралелка. Дополнително, во дел од подрачните училишта доколку вкупниот број на ученици е под 10, тие учат во комбинирани паралелки, согласно Законот за основно образование. Во случај да има услови за формирање на паралелка предвидена според стандардите и нормативите за основно образование, наставата се одвива во подрачното училиште од I до IX одделение.

Предлозите за спроведување на ова сценарио се направени во однос на близината на училишните објекти.

Преместувањето на учениците од подрачните во централните училишта предизвикува промена кај трошоците за превоз. Најголемата далечина од подрачните училишта каде е предвиден превоз до централните училишта е 3.9 километри. Поради тоа, кај ова сценарио треба дополнително да се направи анализа на влијанието на зголемувањето на трошоците за превоз и другите фактори кон подобрување на оптималноста на училишната мрежа.

Предлозите за спроведување на ова сценарио се направени во однос на постоечките капацитети и можноста за користење на најблиските соседни училишни објекти.

Состојбата во училишната мрежа по спроведеното сценарио 1 е прикажана во **Табела 11 .**

Табела 11 Промена на училишната мрежа во општина Виница по спроведување на оптимизација

Име на училиште и населено место		Број на ученици (уч.)/Број на паралелки (пр.) по одделение по јазик																		
		I		II		III		IV		V		VI		VII		VIII		IX		
Виница		уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	уч	пр	КП
Бр	Македонски наставен јазик																			
1	Виница - „Гоце Делчев“	40	2	32	2	52	3	36	3	54	3	64	3	57	3	49	3	54	3	
1.1	с.Јакимово	0	0	10	1	8	1	8	1	8	1									
1.2	с.Истибања	5	1	10	1	4	1	0	0	7	1	11	1	6	1	8	1	12	1	
2	Блатец - „Коцо Рацин“	2	1	4	1	4	1	3	1	5	1	12 (1с о ПП)	1	6 (2 со ПП)	1	7	1	10	1	0
2.1	с. Липец	0	0																	
2.2	с. Лаки	1	1			1	1*	1	1	1	1*									2
3	с. Драгобраште - „Никола Парапунов“			1	1					2	1*	9	1	12	1	8	1	12	1	1
3.1	с. Трсино	3	1	4	1	4	1*	3	1	7	1*									2
3.2	с.Пеклани	4	1	5	1	2	1*	3	1	1	1*									2
4	Виница - „Славчо Стојменски“	33	2	31	2	41	3	43	3	31	2	62	3	34	3	45	3	39	3	
4.1	с.Градец	1	1	4	1	4	1*	6	1	4	1	0	0	3	1	5	1	3	1	1
4.2	с.Лески	2	1	6	1	3	1*	1	1	4	1*									2

*По оптимизацијата имаме намалување на паралелките во основното образование за 5 паралелки (од 108 на 103 паралелки) во првата година од оптимизацијата, учебна 2026/2027 година од кои 10 се комбинирани

4.1.1 Образовна оптовареност

По оптимизацијата, новата структура на училишната мрежа во ООУ „Никола Парапунов“ с.Драгобраште - Виница подразбира 6 паралелки во одделенска и 4 паралелки во предметна настава. Согласно стандардите, потребни се 8 наставници во одделенска и 11 наставници во предметна настава. Вишокот на наставници (бројка од 3 наставници) ќе се намали, земајќи предвид дека се формира една комбинира паралелка во с.Трсино, нема запишано ученици во прво одделение во Централното училиште во с.Драгобраште и еден предметен наставник остварува услов за старосна пензија. Од друга страна, во моментот има 11 наставници на определено време, што значи дека за дел од овие наставници, по оптимизацијата нема да има потреба од трансформација или продолжување на договорите.

По оптимизацијата, новата структура на училишната мрежа во ООУ „Кочо Рацин“ Блатец-Виница подразбира 5 паралелки во одделенска настава и 4 паралелки во предметна настава во централното училиште во Блатец со 2 комбинирани паралелки (прво и трето одделение) и (четврто и петто одделение) во ПУ с. Лаки.

Согласно стандардите, потребни се 7 наставници во одделенска и 14 наставници во предметна настава.

Сегашната бројка од 21 наставници ќе се намали, земајќи предвид дека во следните 5 години ќе се пензионираат 3 одделенски наставници и 3 предметни наставници.

Од друга страна, во моментот има 10 наставници на определено време, што значи дека за дел од овие наставници, по оптимизацијата нема да има потреба од трансформација или продолжување на договорите.

По оптимизацијата ООУ „Гоце Делчев“ – Виница заедно со своите подрачни училишта во с. Јакимово и с. Истибања ќе има 37 паралелки и 3 паралелки во продолжен престој за ученици од прво до трето одделение, со вкупен број од 535 ученици.

Во училиштето има вработено 24 наставници во одделенска настава, од кои 22 наставника се на неопределено работно време со полно работно време, додека 2 наставници се на определено со полно работно време. Од I до V одделение има 21 паралелка со вкупно 273 ученици.

Во предметна настава има вкупно 33 наставници од кои 21 се на неопределено со полно работно време, 1 наставник е на неопределено со неполно работно време и 11 наставници кои се на определено работно време. Од нив 8 наставници се со полно работно време, додека 3 наставници се со несоодветно образование (1 наставник предава математика со завршен градежен факултет, 1 наставник кој предава природни науки, физика и биологија

со технолошки факултет, како и 1 наставник по Физичко и здравствено образование кој предава со средно фискултурно и факултет за туризам). 3 наставници се на определено со неполно работно време: Наставник по Историја со 12 наставни часови, 1 наставник по Германски јазик со 4 наставни часови и 1 наставник по Техничко образование и информатика со 14 наставни часови.

Со процесот на оптимизација 4 ученици кои се запишани во 1 одделение во подрачното училиште во с. Јакимово ќе бидат преместени во централното училиште во Виница, со што 1 паралелка ќе биде затворена, а наставникот од подрачното училиште ќе биде ангажиран во продолжен престој.

Во централното училиште во одделенска настава има 13 паралелки и 3 паралелки во продолжен престој, со вкупно 213 ученици. Во подрачното училиште во с. Јакимово има 4 паралелки со вкупно 34 ученици, а во подрачното училиште во с. Истибања во одделенска настава има 4 паралелки со вкупно 26 ученика и 4 во предметна настава има 4 паралелки со 37 ученици.

Во централното училиште во предметна настава има вкупно 12 паралелки со 224 ученици.

Во тековната 2026 година во пензија треба да заминат 3 вработени од кои 2 се хигиеничари и 1 сметководител, во 2027 година во пензија треба да замине 1 наставник, во 2028година во пензија ќе замине 1 хигиеничар, во 2029 година во пензија ќе оди 1 наставник во одделенска настава, а во 2030 година во пензија ќе заминат 2 хигиеничари.

Во учебната 2026/27 година во училиштето ќе имаме 3 паралелки во продолжен престој со по 20 ученика, за чии потреби ќе нема да бидат вработувани нови лица бидејќи ќе бидат прераспределени наставници од веќе постоечкиот наставен кадар.

По оптимизацијат, новата структура на училишната мрежа во ООУ „Славчо Стојменски“ Виница подразбира 12 паралелки во одделенска настава во градот, 2 комбинирани паралелки во с.Градец и 2 комбинирани во с.Лески. Предметна настава во Виница 12 паралелки во Градец 3 со тоа што ќе се затвори една паралелка во Градец VI одделение. Имаме намалување во одделенска настава еден наставник оди во пензија а еден си оди дома а за еден ќе се побара согласнос за во продолжен престој бидејќи имаме голем број на деца во продолжен престој и исполнува за два наставника. Во предметна настава немаме наставници кои ќе останат без часови бидејќи имаме голем број на часови со изборни предмети, библиотека, водење на електронски дневник и во разговор со претставник од мон за тие наставници кои ќе бидат на определено да се побара согласност со образложение.

***Согласно податоците за основните училишта во Општина Виница , Министерството за образование и наука во соработка со УНИЦЕФ ќе може да ги пресмета индексите во табелите подолу во Документов. Пополнетите индекси се од нацрт планот за оптимизација испратен од страна на Министерството за учебна 2021/2022 година кога се земени податоците како показен пример за оптимизација.**

Индексот на насока за образовна оптовареност, согласно оптимизациското сценарио изнесува 47.5 додека индексот на интензитет изнесува 17.2. Можеме да забележиме дека со спроведување на ова оптимизациско сценарио се постигнува одреден степен на подобрување на образовната оптовареност.

Табела 12. Индекс Образовна оптовареност согласно фактичката состојба и по спроведената оптимизација

Индекс на насока	Индекс на интензитет	
31.09	50.63	**фактичка состојба**
47.5	17.2	**по оптимизација, сценарио 1**

4.1.2 Инфраструктурен капацитет

Инфраструктурниот капацитет го анализираме од аспект на потребите за инвестирање и потребите за реновирање во училишната мрежа.

Во табелите во прилог е прикажана потребата за инвестирање и реновирање (Прилог 1) на училишната мрежа во општина Виница согласно моменталната фактичка состојба. Зелените полиња ги покажуваат инвестициите и реновирањата кои ќе придонесат во подобрување на индексот на инвестиции доколку примениме некои од активностите во табелите. Жолтите и црвените полиња немаат придонес во подобрување на Инфраструктурниот индекс. Всушност, индексот на инвестиции по спроведување на оптимизациското сценарио произлегува од примена на инвестициите и реновирањата од зелените полиња во Прилог 1.

Со ова оптимизационо сценарио се постигнува најдобро искористување на постоечките капацитети, при што понатамошен чекор во самата оптимизација е разгледување на состојбата на кусок/вишок на училници и можностите за доискористување на капацитетите со префлување на ученици во најблиски соседни училишни објекти. На овој начин училишната мрежа ќе ги користи сопствените капацитети, притоа земајќи ја во предвид настанатата зголемена потреба од транспорт на ученици и зголемување на трошоците за превоз.

Во оваа училишна мрежа не се предвидени дополнителни инвестиции за изградба на нови училници или училишни згради.

Табела 13 Активности за реализација на оптимизациското сценарио за училишната мрежа во општина Виница

ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ 2023/2024				
РЕЗУЛТАТ – Подобрување на постоечките капацитети на училишната мрежа				
Активности	**Временска рамка**	**Количина**	**Цена (МКД)**	**Вредност (МКД)**
Нови инвестиции				
Вкупно				**20.783.300**
клупи	краток рок	27	4.000	108.000

столчиња	краток рок	109	1.000	109.000
катедра	среден рок	9	5.700	51.300
санитарни јазли	среден рок	11	450.100	4.951.100
табла	среден рок	1	51.200	51.200
трпезарија	среден рок	1	1.543.200	1.543.200
подрум или складиште	долг рок	6	771.600	4.629.600
пристап за лица со попреченост	долг рок	3	148.000	444.000
пристапен тоалет за лица со попреченост	долг рок	9	131.100	1.179.900
читална	долг рок	5	1.543.200	7.716.000

По спроведените активности на инвестирање и реновирање, инфраструктурниот капацитет ќе се подобри со ниво на индекс на насока од 51.38 и ниво на индекс на интензитет од 14.96.

Табела 14. Индекс Инфраструктурен капацитет согласно фактичката состојба и по спроведената оптимизација

Индекс на насока	Индекс на интензитет	
51.0	19.23	**фактичка состојба**
51.38	14.96	**по оптимизација, сценарио 1**

4.1.3 Фискална оптовареност

Класификацијата според степенот на развиеност на основните училиштата во општина Виница по предложената оптимизација е дадена во Табела 15. По спроведувањето на оптимизациското сценарио, промена на класификацијата на училиштата бележиме кај училиштето „Никола Парапунов“. Ова значи дека стандардниот трошок по ученик треба да се пресмета според новата класфикација на развиеност на училиштата.

Табела 15 Тип на училишта според степен на развој и училишна мрежа по сроведено сценарио за оптимизација

Име на училиште	Тип на училиште
Виница - „Гоце Делчев“	Втор степен на развиеност без подрачни
Блатец - „Коцо Рацин“	Четврт степен на развиеност без подрачни
с. Драгобраште - „Никола Парапунов“	Четврт степен на развиеност без подрачни
Виница - „Славчо Стојменски“	Втор степен на развиеност без подрачни

При спроведување на оптимизациското сценарио во општина Виница, поради менување на бројот на искористени капацитети во подрачните и централните училишта, во Табела 16 може да се забележи вредноста на трошоците за училиште по спроведување на оптимизацијата.

Табела 16 Преглед на оперативни трошоци по ученик во општина Виница по спроведување на оптимизациското сценарио

Општина	Плати	Комунални услуги	Средства за одржување	Наставни помагала	Други и договорни	Затоплување	Превоз	Оброк
Виница	81.862	1.866	496	1.204	8.186	2.804	18.144	4.545

Врз основа на активностите преземени за реорганизација на училишната мрежа во Табела 17 се прикажани индексните вредности на фискалната димензија пред и по спроведената оптимизација.

Табела 17. Индекс на фискална оптовареност согласно фактичката состојба и по спроведената оптимизација

Индекс на насока	Индекс на интензитет	
45.05	40.05	**фактичка состојба**
47.44	19.79	**по оптимизација, сценарио 1**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање на трајно користење на недвижен објект Градски пазар - Виница

1.Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на недвижен објект Градски пазар - Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-774/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РСМ број 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019, 122/2021 и 193/2025“), 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање на трајно користење на недвижен објект Градски пазар - Виница

Член 1

Недвижниот објект, Градски пазар, Виница, сопственост на општина Виница, кој се наоѓа на КП бр.9980/1, запишан во Имотен лист број 85330 за КО Виница како:

-Објект 1, намена Б2-1-отворени и затворени пазари со површина од 55 м2

-Објект 2, намена Б2-1-отворени и затворени пазари со површина од 19 м2

-Објект 3, намена Б2-1-отворени и затворени пазари со површина од 508 м2

кој е запишан со книговотствена вредност од 19.648.727 денари, се дава на трајно користење на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, без надоместок.

Член 2

Заради ефикасно функционирање и остварување на целта за која е изграден погоре опишаниот објект, на трајно користење на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, без надоместок се даваат и тезгите и целата урбана опрема која е во склоп на објектот - Градски пазар, со вкупна книговотствена вредност од 8.532.359,00 денари.

Член 3

Корисникот да го користи и да стопанисува со горенаведениот објект согласно со намената на објектот, како совесен домаќин и да се грижи за тековно одржување на истиот.

Сите трошоци кои се потребни за користење и тековно одржување на објектот, се на товар на корисникот.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-774
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

246

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за продолжување работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Виница

1.Се објавува Одлуката за продолжување работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Виница, донесена на 10-

та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-775/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ број 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016“ и „Сл.весник на РСМ број 31/2020“), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница оддржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За продолжување работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Виница

Член 1
По повод празникот на градот Виница 13 јули Павловден, работното време на угостителските објекти на подрачјето на градот Виница на 12 и 13 јули 2026 година и работното време на угостителските објекти на подрачјето на општина Виница по повод празникот 28 август-денот на ослободувањето на с.Блатец и по повод празникот на општина Виница 30 август 2026 година, денот на ослободувањето на Виница, се продолжува за два часа покасно.

Член 2
Одлуката влегува во сила со 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-775
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за одбележување на Празникот на градот Виница 13-ти Јули Павловден

1.Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за одбележување на Празникот на градот Виница 13-ти Јули Павловден, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-776/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За одобрување на финансиски средства за одбележување на Празникот на градот Виница 13-ти јули Павловден

Член 1
Општина Виница ќе организира активности поврзани со одбележување на патрониот празник на градот Виница на 13.07.2026 година.
Се планира да се организираат следниве настани:
ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПАВЛОВДЕН 2026
Во рамки на Павловденските свеченост, на 10 и 11 јули 2026 година во Виница ќе се одржи фестивалот „Cafe De Anatolia“, меѓународно

препознатлив музички настан кој и оваа година ќе привлече бројни посетители од земјата и странство.

Општина Виница дава логистичка и финансиска поддршка во организацијата на фестивалот, препознавајќи го неговото значење за промоцијата на градот, развојот на културниот туризам и збогатувањето на културната понуда.

13 јули 2026 година (понеделник)

- 08:00 часот - Архиерејска богослужба во храмот „Св. Архангел Михаил“ – Виница
- 09:45 часот - Литија до параклисот „Св. Апостол Павле“
- 11:00 часот - Промоција на книгата „Несреќен случај или атентат“ од авторот Славчо Десподов

Локација: Изложбен салон при Домот на култура „Тошо Арсов“ – Виница

Организатор: Библиотека „Ванчо Прке“

- 12:00 часот - Свечена седница на Советот на Општина Виница

Во рамки на седницата ќе бидат доделени благодарници и ваучери во износ од 5.000 денари за:

- Најдобар пожарникар
- Најдобро медицинско лице
- Најдобар полициски службеник

Ќе бидат доделени благодарници и ваучери во износ од 7.000 денари на првенците на генерацијата од:

- СОУ „Ванчо Прке“ - гимназиско образование
- СОУ „Ванчо Прке“ - стручно образование
- ООУ „Гоце Делчев“ - Виница
- ООУ „Славчо Стојменски“ - Виница
- ООУ „Никола Парапунов“ - Драгобраште
- ООУ „Кочо Рацин“ - Блатец

Благодарници и ваучери во износ од 5.000 денари ќе бидат доделени и на тројца вработени од ЈП „Солидарност“ за особена посветеност и професионалност во извршувањето на работните обврски.

Посебна плакета ќе биде доделена на граѓанската иницијатива „Зелен чекор“ за нејзиниот придонес во заштитата и унапредувањето на животната средина.

- 18:00 часот - Куклена претстава за деца

Локација: Фоаје на Домот на култура „Тошо Арсов“ - Виница

14 јули 2026 година (вторник)

- 19:00 часот - Стенд-ап комедија со Бојан Велевски

Локација: Сина сала, Дом на култура „Тошо Арсов“ - Виница. Влезот е слободен.

Член 2

За реализирање на активностите од член 1 на оваа Одлука, од буџетот на општина Виница се одобруваат финансиски средства во висина од 200.000,00 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-776
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

248

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок по Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница за обезбедување на финансиски средства за превоз на ученик со посебни потреби-физички недостаток

1.Се објавува Заклучокот по Барање од ООУ „Никола Парапунов“ с.Драгобраште, Виница за обезбедување на финансиски средства за превоз на ученик со посебни потреби-физички недостаток, донесен на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.06.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-777/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“) и

член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 03-195 од 16.06.2026 година, Наш број 09-733 од 17.06.2026 година, Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

По Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница за обезбедување на финансиски средства за превоз на ученик со посебни потреби-физички недостаток

1.По поднесеното Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница за обезбедување на финансиски средства за превоз на ученик со посебни потреби-физички недостаток, Советот на општина Виница донесе Заклучок Општина Виница и ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница до почетокот на учебната година, да изнајдат решение за обезбедување превоз на ученикот кој треба да патува од с.Трсино до с.Драгобраште и обратно.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-777
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

249

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-778/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020, 302/2020 и 208/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање Согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница

Член 1

Се дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година на ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, Виница, број 01-164 од 03.06.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-778
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

250

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за давање Согласност за отпочнување на постапка за користење на јавна површина и поставување на урбана опрема на Сити Стоп Кафе и Бовис ДООЕЛ Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност за отпочнување на постапка за користење на јавна површина и поставување на урбана опрема на Сити Стоп Кафе и Бовис ДООЕЛ Виница, Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-779/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. весник на РСМ број 5/2002, 84/2020 и 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019 и 12/2022“), а по Барање број 09-562 од 23.04.2026 година, Советот на Општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање Согласност за отпочнување на постапка за користење на јавна површина и поставување на урбана опрема на Сити Стоп Кафе и Бовис ДООЕЛ Виница

Член 1
Се дава Согласност за отпочнување на постапка за користење на јавна површина и поставување на урбана опрема на Сити Стоп Кафе и Бовис ДООЕЛ Виница согласно приложените Елаборати, при што не смее да се загрози нормалното одвивање на сообраќајот и безбедноста на присутните гости во наведените локали.

Член 2
Стручните Комисии од Општина Виница да излезат на лице место и ја утврдат фактичката состојба за поставување на урбана опрема и издавање на одобрение.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-779
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

251

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба во општина Виница во 2026 година

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба во општина Виница во 2026 година, донесен на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-780/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За разгледување на Информација за спроведување на пролетната сеидба во општина Виница во 2026 година

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за спроведување на пролетната сеидба во општина Виница во 2026 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-780
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

252

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Решение за престанок на мандатот на в.д. членови на Надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ – Виница

1.Се објавува Решението за престанок на мандатот на в.д. членови на Надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница, донесено на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-781/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

РЕШЕНИЕ

За престанок на мандатот на в.д.членови на Надзорен одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“ – Виница

Член 1
На в.д.членовите на Надзорниот одбор на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница:
- Кристина Станоевска од Виница
- Благој Дамјанов од Виница

именувани со Решение број 09-123 од 30.01.2026 година, им престанува функцијата член поради истек на мандатот.

Член 2
Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-781
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

253

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесена на 10-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.06.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-782/2
30.06.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 21 став 1 точка 28 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а во врска со член 26 и 26-а од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19“ и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на Република Северна Македонија број 213/2024“), Советот на општина Виница на 10-та седница одржана на ден 30.06.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 1
Општина Виница распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 3 (три) членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница.

Член 2
Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на Јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнува условите од Јавниот повик согласно законските прописи. Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

Член 3
За избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“-Виница, Советот на општина Виница формира Комисија за селекција која ќе ја спроведе постапката за селекција.

Член 4
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-782
30.06.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

254

Врз основа на член 26, 26-а и член 27 од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19“ и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на Република Северна Македонија број 213/2024“), Советот на општина Виница објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
За пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи „Солидарност“ - Виница

1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК
Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 3 (три) членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансикото работење на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, со седиште на ул.„Плачковички одреди“ бб - Виница (по трет пат), поради изминат мандат на членовите на Надзорниот одбор.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на Република Северна Македонија број 213/2024“).
Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

2.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Виница www.vinica.gov.mk и на страната на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница www.jpsolidarnost.mk

3.УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор на Јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

-е државјанин на Република Северна Македонија

-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на Јавното претпријатие и

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

